Република Македонија
**Министерство за финансии**

Бр. 13 -

Скопје __.__.2017 година
Република Македонија
Министерство за финансии
Даме Груев бр.12
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3255 765
Е-пошта:
ivana.jovic@finance.gov.mk
Веб страна: www.finance.gov.mk

Предмет: Покана за семинар

Почитувани,

Во рамките на соработката во областа на банкарството меѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за финансии на Кралството Луксембург, Ве известуваме дека од 29 до 31 мај 2017 година во Скопје ќе се одржи 3 дневен семинар на тема: **"Selling Financial Services and Managing Client Relationships".**

Семинарот е во организација на Агенција за трансфер на финансиска технологија од Луксембург (ATTF – www.attf.lu), која е дел од Центарот за обуки од Луксембург (House of training - www.houseoftraining.lu).

Основната цел на семинарот е продлабочување на знаењето на учесниците во врска со техниките за продажба, со цел продажба на производи и услуги на клиенти и ефикасно менаџирање на односите со клиентите.

Семинарот е комбинација на теоретско предавање и практични вежби, вклучувајќи вежби за преговарање со потенцијални клиенти. Целна група се вработени во банки и останати финансиски институции (middle and back office staff), во насока на подобрување на разбирањето за продавање на финансиски услуги и управување со односите со клиентите.

Од учесниците се бара да имаат одлично познавање на англиски јазик. **Учеството не предвидува плаќање на котизација.**

Поканата за семинарот, програмата и апликацијата за учество можете ги најдете на интернет страницата на Министерството за финансии, секција Финансиски систем, во делот на Семинари и обуки (http://finance.gov.mk/node/665).

**Ве молиме да номинирате најмногу два претставника од Вашата институција. Апликациите се доставуваат најдоцна до 19 мај (петок) 2017 година на долунаведените e-mail адреси.**

За сите дополнителни информации, Ве молиме контактирајте ги долунаведените лица.

Благодариме на соработката.

Со почит,

Ленче Тагасовска
Раководител на сектор

**Контакт лица: Иван Недев тел: 3255-370, E-mail: ivan.nedev@finance.gov.mk**
**Ивана Јовиќ тел: 3255-765, E-mail: ivana.jovic@finance.gov.mk**